# ВОВЕД

Историјата на конфликтите сочинува поголем дел од содржината на учебниците по историја, со посебен акцент на конфликтите во кои една од страните ја претставуваат припадници на етничката заедница на учениците. Кога учат за историјата на конфликтите во кои е вклучена „нивната" страна, учениците се запознаваат само со едната страна на приказната, се разбира, со „нивната" и само тој дел од приказната го прифаќаат како единствено „точен". Тоа се однесува на изборот на настаните, на личностите кои се прикажуваат, на обемот на самото прикажување и на терминологијата што се користи.

Целта на таквото прикажување на минатото е да се оправда сопствената страна, што често се прави со нејзино глорификување и/или со негативно вреднување или "квази објективно" прикажување на случувањата, што најчесто не е можно без оцрнување на другата страна. Во ситуација кога двете страни во конфликтот се принудени да ја делат територијата на која живеат, така прикажаната историја се доживува како средство за продолжување на борбата едни против други, придонесувајќи за пролонгирање на тензиите, кои и претходно биле генератор на конфликтот.

Вооружениот конфликт во Република Македонија од 2001 година претставува незаобиколлив момент во развојот на државата и односите меѓу различните етнички заедници. За конфликтот многу се зборува и тој на големо се анализира, меѓутоа многу малку се користи во функција на градење нов пристап и нови односи меѓу припадниците на етничките заедници. Конструктивното прикажување на вооружениот конфликт од 2001 година во учебниците по историја претставува посебен предизвик, но истовремено и нужен предуслов за натамошно градење на граѓанскиот идентитет во Република Македонија.

Целта на проектот РАЗБИРАЊЕ НА СЕГАШНАТА ИСТОРИЈА е да помогне во премостување на постојната етничка поделеност во Република Македонија на тој начин што вооружениот конфликт од 2001, кој е широко доживеан како судир меѓу Албанците и Македонците, ќе го презентира во вид на специфична лекција по историја. Идејата беше оваа лекција во себе да ги вклопи радикалните перспективи на двете страни придружени со една заедничка верзија што е прифатлива за двете страни. Од прикажувањето на вооружениот конфликт на таков начин се очекува да придонесе во трансформирање на улогата на историјата - од фактор што го продлабочува јазот, во мост за премостување на јазот што постои меѓу македонската и албанската заедница во Македонија.

Содржината на заедничката лекција е добиена од елементите идентификувани од страна на самите професори-учесници во проектот. Притоа е настојувано да се користат главно факти, а секогаш кога е користена нивна интерпретации применет е еден од следните критериуми за нивно вклопување во лекцијата: (1) да не се спорни за припадниците на двете етнички заедници или (2) да е постигнат е консензус околу нивното прикажување или (3) паралелно да се прикажат двете различни перспективи (секогаш кога консензусот не е можен).

Пристапот што е искористен во лекцијата за вооружениот конфликт во 2001 може да послужи како модел за прикажување на минатото и предавање историја на учениците, особено на оние теми каде што постојат разлики во гледањето на двете страни.

Лекцијата за вооружениот конфликт е продукт од разботата на група професори кои предаваат историја во средни училишта со етнички хетероген состав. Напишаната лекција може да послужи како пример и доказ дека наставниците по историја може и треба да бидат вклучени во пишувањето на учебниците.

Виолета Петроска-Бешка
Мирјана Најчевска

Декември 2005

**ВООРУЖЕНИОТ КОНФЛИКТ НА ТЕРИТОРИЈАТА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2001 ГОДИНА**

1. Општествено-економски и политички прилики во Република Македонија во периодот 2000-2001
2. Причини за започнување на вооружениот конфликт и страни во конфликтот
3. Текот на вооружениот конфликт и борбените активности по региони
4. Рефлексии врз другите региони во земјата
5. Улогата на парламентот, владата, полицијата и војската во текот на вооружениот конфликт
6. Придонесот на меѓународната заедница во текот и разрешувањето на вооружениот конфликт
7. Завршување на вооружениот конфликт и значењето на рамковниот договор од Охрид
8. Влијанието на вооружениот конфликт врз глобалните демократски движења во Република Македонија

ЦИП

# HYRJE

Historia e konflikteve paraqet pjesën më të madhe të përmbajtjeve të librave shkollore të historisë, me theks të veçantë në konfliktet ku njërën anë e përfaqësojnë pjesëtarët e një bashkësie etnike të nxënësve. Kur mësojnë për historinë e konflikteve në të cilat është e inkuadruar "ana" e tyre, nxënësit njoftohen vetëm për njërën anë të rrëfimit, kuptohet me rrëfimin e "tyre", dhe vetëm atë pjesë të rrëfimit e pranojnë si të vetmen të "vërtetë". Kjo i referohet zgjedhjes së ngjarjeve, personaliteteve të cilat paraqiten, në vëllimin e vetë paraqitjes dhe terminologjisë që shfrytëzohet.

Qëllimi i paraqitjes së tillë i së kaluarës është që të arsyetohet ana e tyre, e cila shumë shpesh bëhet me glorifikimin e saj dhe/ose me vlerësime negative "kuazi objektive" të paraqitjes së ngjarjeve, që në të shumtën e rasteve nuk është e mundur pa i vënë pikë të zezë palës tjetër. Në situatë kur të dy palët në konflikt janë të detyruara ta ndajnë territorin në të cilin jetojnë, historia e paraqitur në mënyrë të tillë përjetohet si mjet për vazhdimin e luftës ndërmjet vete, duke kontribuar në prolongimin e tensioneve të cilat edhe më parë kanë qenë gjeneratorë të konfliktit.

Konflikti i armatosur i vitit 2001 në Republikën e Maqedonisë paraqet moment të patejkalueshëm në zhvillimin e shtetit dhe marrëdhënieve ndërmjet bashkësive të ndryshme etnike. Për këtë konflikt diskutohet shumë dhe analizohet me të madhe, mirëpo shumë pak shfrytëzohet në funksion të ndërtimit të qasjes së re si dhe të ndërtimit të marrëdhënieve të reja ndërmjet përfaqësuesve të bashkësive etnike. Paraqitja konstruktive e konfliktit të armatosur të vitit 2001 në librat shkollorë të historisë paraqet sfidë të veçantë, njëkohësisht paraqet edhe parakusht të domosdoshëm për ndërtimin e mëtejshëm të identitetit qytetar të Republikës së Maqedonisë.

Qëllimi i projektit KUPTIMI I HISTORISË SË SOTSHME është që të ndihmojë për tejkalimin ndarjes aktuale etnike në Republikën e Maqedonisë në atë mënyrë që konflikti i armatosur i vitit 2001, i cili në përmasa të gjera është i përjetuar si përleshje në mes shqiptarëve dhe maqedonasve, do ta prezantojë si njësi specifike mësimore nga historia. Ideja ishte që kjo njësi mësimore t'i inkuadrojë perspektivat radikale të dyja anëve të shoqëruara me një version të përbashkët që është i pranueshëm për të dyja palët. Nga paraqitja tillë e konfliktit të armatosur pritet që të kontribuojë në transformimin e rrolit të historisë-nga faktori që e thellon ndarjen, në urë tejkaluese të kësaj ndarjeje që ekziston mes bashkësive etnike maqedonase dhe shqiptare në Maqedoni.

Përmbajtja e njësisë së përbashkët mësimore është fituar nga elementet identifikuese nga ana e vetë profesorëve-pjesëmarrës në projekt. Gjatë këtij procesi, pandërprerë është tentuar të shfrytëzohen vetëm fakte, kurse kur është shfrytëzuar interpretimi i tyre për t'u inkuadruar në njësinë mësimore gjithmonë janë zbatuar disa nga kriteret siç vijojnë: (1) që të mos jenë të kontestueshme nga të dyja bashkësitë etnike ose (2) të arrijnë konsensus gjatë paraqitjes së tyre ose (3) paralelisht të paraqiten të dyja perspektivat dalluese (gjithmonë kur konsensusi nuk është i mundur).

Qasja që është shfrytëzuar në njësinë mësimore për konfliktin e armatosur të vitit 2001 mund të shërbejë si model për të paraqitur të kaluarën dhe për t'u shpjeguar nxënësve historinë, sidomos te ato tema ku ekzistojnë dallime në vështrimin e të dyja palëve.

Njësia mësimore për konfliktin e armatosur është produkt i punës së një grupi të profesorëve të cilët ligjërojnë lëndën e historisë në shkolla të mesme me përbërje etnike heterogjene. Njësia e shkruar mësimore mund të shërbejë si shembull dhe si fakt se mësimdhënësit nga lënda e historisë mund dhe duhet të inkuadrohen në përpilimin e librave shkollor të historisë.

Dhjetor 2005

Violeta Petroska-Beshka
Mirjana Najçevska

**KONFLIKTI I ARMATOSUR NË TERITORININ E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË NË VITIN 2001**

1. Rrethanat shoqëroro-ekonomike dhe politike Republikën e Maqedonisë në periudhën e viteve 2000-2001
2. Shkaqet për fillimin e konfliktit të armatosur dhe palët në konflikt
3. Rrjedha e konfliktit të armatosur dhe aktivitetet luftarake nëpër rajone
4. Reflektimi ndaj regjioneve tjera
5. Roli i Parlamentit, Qeverisë, policisë dhe ushtrisë gjatë konfliktit të armatosur
6. Kontributi i bashësisë ndërkombërate djatë zhvillimit dhe përfundimit të konfliktit të armatosur
7. Fundi i konfliktit të armatosur dhe rëndësia e marrëveshjes kornizë të Ohrid
8. Ndikimi i konfliktit të armatosur ndaj proceseve demokratike në Maqedoni

CIP

HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Ул. Даме Груев 8/5, 1000 Скопје; п-фах 58 Р. Македонија тел/факс: + 389 2 3290 469; 3119 073
St. Dame Gruev 8/5, 1000 Skopje; PO Box 58 Republic of. Macedonia tel/fax: + 389 2 3290 469; 3119 073
e-mail: helkom@mhc.org.mk web page: http://www.mhc.org.mk

Центар за човекови права и разрешување конфликти

# РАЗБИРАЊЕ НА СЕГАШНАТА ИСТОРИЈА

Проектот се состои од серија на три семинари кои што им нуди можност на средношколските професори по историја со различно етничко потекло да го изразат своето милсење во врска со конфликтот, да ги анализираат присутните предрасуди и стереотипи и да поведат дијалог насочен кон откривање на нови перспективи и изнаоѓање заеднички елементи во различните перспективи.

Помеѓу семинарите, наставниците по историја ќе работат на изготвување наставни материјали, кои понатаму ќе им бидат ставени на располагање на нивните колеги за натамошна работа со учениците. Целиот пристап ќе биде базиран на нова наставна методологија од која се очекува да влијае врз предавањето историја во целост.

## Цели

Главна цел на проектот, *Разбирање на сегашната историја,* е да придонесе во премостување на постојната етничка поделеност во Република Македонија. Проектот произлезе од потребите  кои се наметнуваа со децении, а кулминираа со оружениот конфликт во 2001 година.

Работејќи со етнички мешани групи на наставници по историја .(етнички Македонци и етнички Албанци) проектот има за цел:
- да обезбеди увид во спротиставените гледишта за оружениот конфликт од 2001 година,
- да промовира сознание за влијанието коешто го има идеологијата во интерпретирањето на историските настани, па и на оружениот конфликт од 2001;
- да ги поттикне наставниците по историја да развијат заедничко гледање на причините, текот и последиците од оружениот конфликт.

Втемелен врз погоре споменатите цели и активности, со проектот треба да се остварат следниве заложби:

1. *Развивање на модел за обука, на сегашните и идни наставници по историја, за надминување на етноцентричните перспективи преку почитување на разликите во гледиштата и перспективите.*

Со оглед на тоа дека овозможува почитување на разликите во гледиштата и перспективите, овој модел за обука на наставниците може да го трансформира постојниот пристап во толкувањето на историските настани. Создавајќи поле за презентирање и разбирање на историјата преставена низ различни и алтернативни призми, моделот може да влијае врз глобалната методологија во прикажувањето и анализата на историските настани.

2. *Подготовка на наставен материјал кој, покрај спротиставените перспективи ќе вклучи и заедничкото разбирање на историските настани поврзани со оружениот конфликт*.
   Искуството, како локалното така и меѓународното, докажува дека е исклучително тешко да се очекува официјалните верзии на историски настани поврзани со етнички судири да можат да се дистанцираат од неизбежно формираните колективни наративи. Пишувањето на официјалната историја, од една страна, бара временска дистанца од настаните, но од друга, кога времето не се искористува во насока отворено да се разговара за болните теми, се остава простор да се произведуваат колективни наративи кои развиваат особено негативни претстави за другата страна. Заради тоа, на двете страни мора да им се презентираат спротиставените перспективи за оружениот конфликт и да се направи напор за составување на заедничка верзија заснована на факти и ослободена од интерпретации.

3. *Формирање на мешани групи од Македонци и Албанци, наставници по историја, кои активно ќе го шират наставниот материјал за сегашната историја меѓу нивните колеги.*
   Ефектите на училишно ниво може да се почуствуваат доколку материјалот им се подели и на останатите наставници по историја. Оние наставници по историја, кои учествувале во развивање на наставниот материјал, најдобро можат да го прошират меѓу нивните колеги и да ги обучуваат со знаења и вештини за негово користење на часовите.

## Активности

Активностите на проектот се концентрирани околу три семинари на кои наставниците-учесници ќе бидат обучувани и ќе работат на развивање на наставните материјали. Во периодот помеѓу семинарите, учесниците ќе работат на различни задачи чија цел ќе биде развивање на соодветни материјали, додека проектниот тим ќе ги подготвува материјалите и методологијата за обука на семинарите и ќе ја координира работата на наставниците на нивните задачи.

**Семинар I** (*траење*: 4 дена; *форма на работа:* работилници; *состав*: три дела)

I дел: Етнички хомогени групи од наставниците по историја работат на нацрт на лекција што ги рефлектира *радикалните погледи* на причините, текот и последиците од оружениот конфликт што се очекува да бидат застапувани од етноцентрично ориентираните историчари Македонци, односно Албанци.

II дел: Предавачите ги соочуваат учесниците со фактот дека *конфликтите* се неизбежен дел од животот и дека можат да имаат позитивен исход по меѓучовечките односи доколку им се пријде на конструктивен начин.

III дел: Предавачите го презентираат концептот за *основните права и слободи* и поттикнуваат дискусија за релацијата на основните права и слободи и оружениот конфликт во 2001 година.

*Работни задачи по Семинар I:*

Се очекува учесниците да се вклучат во пишување лекција под наслов "Оружениот конфликт на територијата на Република Македонија во 2001 година". Работата ќе ја реализираат во етнички мешани парови (заедно ќе работат по еден наставник Албанец и еден наставник Македонец) и секој пар ќе треба да напише една албанска и една македонска верзија на истата лекција.

**Семинар II** (*траење*: 4 дена; *форма на работа*: работилници; *состав*: три дела)

I дел: Учесниците работат на тема *етнички стереотипи и мета-стереотипи* кои влијаат врз ставовите и однесувањето на Македонците и Албанците едни кон други. Учесниците се запознаваат и со влијанието на *предрасудите* и начинот на кој предрасудите се создаваат и одржуваат. Се иницира и дискусија за ефектите на *мнозинско-малцинските односи* врз *дискриминацијата.*

II дел: Учесниците следат презентација, а потоа и самите поминат низ различни вежби за искуствено да ја доживеат субјективната природа на *перцепцијата* и влијанието на погрешните перцепции врз однесувањето на луѓето, особено во конфликтни ситуации.

III дел: Учесниците се обучувани да ги раздвојуваат *фактите* од *интерпретациите*.

*Работни задачи по Семинар II*

Се очекува учесниците да се вклучат во анализа на лекциите по историја презентирани во постоечките учебници. Основна цел на анализата е да се раздвојат фактите од интерпретациите и да се идентификуваат етничките стереотипи и погрешните перцепции коишто влијаат врз тие интерпретаци.

**Семинар III** (*траење*: 4 дена; *форма на работа*: работилници; *состав*: два дела)

I дел: Надворешни експерти (пр. од Северна Ирска и Израел/Палестина) го презентираат сопственото искуство од работењето на слични проекти во своите земји. Се очекува тоа да им помогне на наставниците во Македонија да сфатат колку запознавањето и разбирањето на перспективите на другата страна е важно за развојот на меѓуетничките односи во земјата.

II дел: Учесниците работат на идентификување на *заедничките елементи* во претходно напишаните македонска и албанска перспектива на оружениот конфликт во 2001 година. Тоа ќе послужи како основа за развивање на "заедничка" лекција по историја заснована на факти, во која ќе се даде опис на причините, текот и последиците од оружениот конфликт што ќе биде ослободен од интерпретации.

**Изготвување на наставни материјали**

Учесниците, заедно со членовите на проектниот тим, ќе подготвуваат наставен материјал и тоа како во текот на сесиите на семинарите така и во рамки на задачите на кои ќе работат во периодот меѓу семинарите. Наставниот материјал ќе претставува лекција за *Оружениот конфликт во Македонија во 2001 година* што освен *македонската и албанската перспектива* ќе ја содржи и "*заедничката*" *перспектива* базирана на факти.

Првичната верзија на лекцијата што ќе ги содржи сите три перспективи, ќе ја подготват членовите на проектниот тим, а наставниците- учесници ќе ја користат во своите класови. Финалната верзија на лекцијата ќе биде подготвена брз основа на искуствата на наставниците во работа со своите ученици и потоа отпечатена на албански и македонски јазик.

**Дисеминација на наставните материјали**

Ќе се одржат најмалку две средби со наставници Албанци и  Македонци кои предаваат историја во етнички мешани средни училишта во Македонија. *Етнички мешани тимови од наставници-учесници* ќе им го презентираат наставниот материјал на своите колеги и ќе зборуваат за искуството низ коешто минале додека работеле на негова подготовка. Наставници по историја од сите средни училишта ќе го добијат наставниот материјал  со инструкции за тоа како и зошто би требало да го користат во своите класови.

# Разбирање на сегашната историја:
# **Вооружениот конфликт на територијата на Република Македонија во 2001 година**

Хелсиншки комитет за човекови права во Република Македонија
Центар за човекови права и разрешување конфликти

Скопје, 2005

Публикацијата
**Вооружениот конфликт на територијата на Република Македонија во 2001 година**
е завршен продукт на проектот
**РАЗБИРАЊЕ НА СЕГАШНАТА ИСТОРИЈА**

Проектот е финансиран од Мисијата на Европската Унија (European Initiative for Democracy and Human Rights)

Центар за човекови права и разрешување конфликти
Институт за социолошки и политичко-правни истражувања

HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
KOMITETI I HELSINKIT PËR TË DREJTAT E NJERIUT I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË
MAKEDONYA CUMHURİYETİ'NİN HELSINKI İNSAN HAKLARI KOMİTESİ
COMITET DI HELSINKI TI NDREPTULI-A OMLUIDI REPUBLICA MACHEDONIA
HELSINŠKO COMITETI BAŠO E MANUŠENGERE NEJAMIJA KI REPUBLKA MAKEDONIJA
ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЉУДСКА ПРАВА РЕПУБЛИКЕ МАКЕДОНИЈЕ
Ул. Даме Груев 8/5, 1000 Скопје; п-фах 58 Р. Македонија тел/факс: + 389 2 3290 469; 3119 073
St. Dame Gruev 8/5, 1000 Skopje; PO Box 58 Republic of. Macedonia tel/fax: + 389 2 3290 469; 3119 073
Rr. Dame Gruev 8/5, 1000 Shkup; f.p. 58 Republika e Maqedonisë tel/fax: +389 2 3290 469; 3119 073

----------------------------------------

*Мислењата изнесени во оваа публикација не секогаш го одразуваат ставот на Мисијата на Европската Унија*

Учесници во проектот
**РАЗБИРАЊЕ НА СЕГАШНАТА ИСТОРИЈА**:

- Виолета Петроска-Бешка, ко-раководител
- Мирјана Најчевска, ко-раководител
- Луан Имери, асистент

*Од Институтот за национална историја:*

- Ирена Стефовска
- Исамедин Азизи

*Од Бирото за развој на образованието:*

- Живко Степановски
- Илир Мемеди

*Професори по историја во средни училишта:*

- Скендер Асани
- Хафет Цека
- Ќенан Исени
- Адријан Фазлија
- Шиќери Џафери
- Бесник Емини
- Азиз Рамадани
- Асан Абази
- Музафер Салиу
- Меди Бектеши
- Рухид Незири
- Ејуп Реџепи
- Шазим Салаи
- Димко Попоски
- Весна Матеска
- Валентина Стаменковиќ
- Радмила Маџовска
- Светлана Сарк
- Лозанка Настовска
- Соња Цветковска
- Борче Вељаноски
- Светлана Јовановска
- Цветан Станкоски
- Јованка Јовановиќ
- Ѓуре Сибиновски

Kuptimi i historisë së tanishme:

# Konflikti i armatosur në teritorin e Republikës së Maqedonisë në vitin 2001

Komiteti i helsinkit për të drejtat e njeriut në Republikën e Maqedonisë
Qendra për të drejtat e njeriut dhe zgjidhjen e konflikteve

Shkup, 2005

Publikimi

**Konflikti i armatosur në teritorin e Republikës së Maqedonisë në vitin 2001**

është produkti përfundimtarë i projektit

**KUPTIMI I HISTORISË SË TANISHME**

Projekti është i finansuar nga Misioni i Unionit Evropian (European Initiative for Democracy and Human Rights)

Qendra për të drejtat e njeriut dhe zgjidhjen e konflikteve

Instituti për kërkime sociologjike dhe politiko-juridike

HELSINKI COMMITTEE FOR HUMAN RIGHTS

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ул. Даме Груев 8/5, 1000 Скопје; п-фах 58 Р. Македонија тел/факс: + 389 2 3290 469; 3119 073

St. Dame Gruev 8/5, 1000 Skopje; PO Box 58 Republic of. Macedonia tel/fax: + 389 2 3290 469; 3119 073

Rr. Dame Gruev 8/5, 1000 Shkup; f.p. 58 Republika e Maqedonisë tel/fax: +389 2 3290 469; 3119 073

---------------------------------------

*Mendimet e prezentuara në këtë poblikim jo çdo herë e shvaqin qëndrimin e Misionit të Unionit Evropian*

Pjesëmarrës në projektin

**KUPTIMI I HISTORISË SË TANISHME**

- Violeta Petroska-Beshka, ko-udhëheqëse
- Mirjana Najçevska, ko-udhëheqëse
- Luan Imeri, asistent

*Nga instituti i historisë acionale:*

- Irena Stefkovska
- Isamedin Azizi

*Nga enti për zhvillim të arsimit:*

- Zhivko Stepanovski
- Ilir Memedi

*Profesor të hisroris në shkollat e mesme:*

- Dimko Poposki
- Vesna Mateska
- Valentina Stamenkoviq
- Radmila Maxhovska
- Svetlana Sark
- Llozanka Nastovska
- Sonja Cvetkovska
- Borçe Veljanoski
- Svetlana Jovanovska
- Cvetan Stankoski
- Jovanka Jovanoviq
- Xhure Sibinoski
- Skender Asani
- Hafet Ceka
- Qenan Iseni
- Adrijan Fazlija
- Shyqeri Xhaferi
- Besnik Emini
- Aziz Ramadani
- Asan Abazi
- Muzafer Saliu
- Medi Bekteshi
- Ruhid Neziri
- Ejup Rexhepi
- Shazim Salai

## ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИ И ПОЛИТИЧКИ ПРИЛИКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ 2000-2001

Периодот 2000-2001 година, во Р. Македонија, се карактеризира со сложени општествено-економски и политички промени како резултат на транзицијата.

Многу индустриски капацитети пропаднаа и беа затворени, голем дел од населението остана без работа и нагло осиромаши. Приватизацијата беше проследена со различни неправилности, недоречености во законската регулатива и груби злоупотреби. Актуелната власт во која партиципираа и партиите на Албанците не можеше да се справи со ваквите состојби во државата. Политичките партии беа формирани на етничка основа.

Политичките прилики ја правеа состојбата во Македонија кревка и несигурна, најмногу поради фактот што Македонија ги живееше првите години на самостојна и суверена држава.

Периодот 2000-2001 година се карактеризира со голема невработеност (400.000 работоспособни лица се невработени, а 80.000 семејства примаат социјална помош) і недовршен процес на приватизација проследен со стечајни постапки за голем број фирми. Се забележува континуиран пад на стандардот на живеење.

Политичкиот живот го карактеризираат партии со моноетничка структура, а на власт се наоѓаат националистички ориентирани партии. Власта е централизирана, а правниот систем и законите се уште не се до крај изградени (не се донесени сите потребни закони, донесените закони често се менуваат и судовите долго ги решаваат предметите што доаѓаат пред нив).

И покрај тоа што во Парламентот има претставници на политичките партии на Албанците и во владината коалиција учествуваат министри-Албанци, во администрацијата и државната структура Албанците не се пропорционално застапени. Политичките партии на Албанците во Македонија продолжуваат со јавно манифестирање на незадоволството од статусот на Албанците во политичкиот и во јавниот живот во земјата. Напнатоста во меѓуетничките односи доаѓа до израз преку демонстрациите на Албанците со барање за зголемување на колективните права што се проследени со судири со полицијата и демонстрации на Македонците против зголемувањето на правата на Албанците.

Распаѓањето на СФРЈ и осамостојувањето на Република Македонија предизвикаа темелни политички, општествени и економски промени во земјата.

Плурализмот се манифестираше со формирање на политички партии кои, наместо идеолошки, имаа силен етнички предзнак. Како резултат на транзицијата, голем дел од населението остана без работа, а сиромаштијата, корупцијата, криминалот и економската криза зедоа огромни размери.

Распаднатата економија, политичките скандали и афери, корупцијата и влошените меѓуетнички односи уште повеќе ја дестабилизираа земјата.

Особено треба да се истакне фактот дека со Уставот од 1991 година Албанците ги изгубија правата што формално ги уживаа со Уставот од 1974 година. Од тие причини Уставот беше донесен без гласовите на албанските пратеници во Парламентот.

## ПРИЧИНИ ЗА ЗАПОЧНУВАЊЕ НА ВООРУЖЕНИОТ КОНФЛИКТ И СТРАНИ ВО КОНФЛИКТОТ

### Македонска радикална верзија

Имаше повеќе причини за избувнување на конфликтот. Под изговор дека ги бараат правата и слободите стекнати со Уставот на СФРЈ од 1974 година, одредени албански кругови во, и надвор од Македонија сакаа да ја реализираат идејата за создавање на голема Албанија. Политичките партии на Албанците во земјата го подгреваа национализмот кај албанското население за остварување на своите радикални цели.

Ескалацијата на косовската криза во 1999 г. негативно се одрази и на состојбите во Македонија. Таа влијаеше на хомогенизацијата на Албанците и на формирањето на вооружени групи, составени од Албанци од Косово и од Македонија. Овие групи со своето илегално и криминално делување, во северните делови на Македонија, ќе ја дестабилизираат земјата на безбедносен план.

Кон крајот на 2000-та година, и во почетокот на следната, се случија и првите инциденти и судири меѓу албанските вооружени формации (т.н. ОНА), составени од криминални групи, терористи и исламистички платеници од едната страна, и македонските безбедносни сили, од другата.

### Заедничка верзија

За причините за започнување на вооружениот конфликт постојат различни толкувања. Според официјалното толкување на претставниците на албанската заедница (политичките партии, интелектуалците, невладините организации) основната причина за вооружениот конфликт лежи во дискриминацијата на Албанците присутна во Уставот на Р. Македонија (што се огледа во ограничена употреба на јазикот и етниките симболи и недостаток од високообразовни институции на албански јазик) и во сферата на јавниот живот (вработувањето и третманот од страна на администрација, правосудните органи и полицијата).

Според најраширеното толкување присутно во македонската заедница, вистинската причина за вооружениот конфликт е борбата за територија, чија крајна цел е формирање на голема Албанија, или барем непречено одвивање на нелегалната трговија со дрога и оружје и остварување на други криминални активности.

Официјално, вооружениот конфликт е судир меѓу Ослободителната национална армија (ОНА) од една страна, и безбедносните сили на Република Македонија, од друга. Неофицијално, на вооружениот конфликт се гледа како на судир меѓу албанската и македонската заедница, со оглед на широко распространетиот впечаток дека активностите на ОНА се прифатени и поддржани од страна на албанското население, а активностите на безбедностите сили од страна на македонското население.

### Албанска радикална верзија

Дискриминацијата кон Албанците во сите сфери на општественото живеење, која беше присутна и во претходниот систем, уште повеќе се засили по осамостојувањето на Република Македонија. Во процесот на приватизацијата на општествениот капитал, властите само на Македонците им овозможија по многу поволни услови да ги откупат фабриките и другите стопански капацитети во земјата.

Учеството на Албанците во државните институции беше минимално. Незастапеноста, особено во безбедносните структури (полицијата и армијата), кај Албанците предизвикуваше силно чувство на загрозеност и недоверба кон овие институции. Ова особено ќе дојде до израз за време на настаните на Бит-пазар и во Гостивар (протести заради неможност за употреба на сопствените етнички симболи), кога во судирите со полицијата беа убиени и малтретирани мнозина граѓани Албанци.

Бидејќи во сферата на високото образование немаше ниту една високообразовна институција со настава на албански јазик, Албанците беа принудени во 1994 година да основаат свој Универзитет во Тетово. Поради интервенција на полицијата, на денот на неговото отворање, неколку Албанци ги изгубија животите.

Политичките партии на Албанците во Парламентот не успеваа да ги институционализираат нивните барања и служеа само како декор, бидејќи постојано беа надгласувани од пратениците Македонци. Од друга страна, отсуството на слух за политичките барања на Албанците, кои се чувствуваа како граѓани од втор ред, македонските политичари го правдаа со изговорот дека промената на нивниот статус во државата ќе доведе до федерализација на Македонија, а подоцна и до нејзина поделба. Косовската криза 1999 година и улогата на УЧК на Косово ја засилија самодовербата и хомогенизацијата на Албанците во нивниот отпор кон институциите на македонската држава.

Поради систематската задушеност од страна на системот, идејата за востание меѓу Албанците кулминираше во вооружен конфликт во почетокот на 2001 година.

Како страни во конфликтот се појавија здружените безбедносни сили на Македонија (АРМ и полицијата), од една страна, и Ослободителната национална армија (ОНА), од друга страна.

## ТЕКОТ НА ВООРУЖЕНИОТ КОНФЛИКТ И БОРБЕНИТЕ АКТИВНОСТИ ПО РЕГИОНИ

Вооружениот конфликт започна со терористички акции во јануари 2001 година, поточно со нападот на полициската станица во Теарце, Тетовско, каде загина еден припадник на полициските сили од македонска националност.

Почетокот кулминираше со митингот во Тетово, одржан на 14.3.2001, кога албанските интелектуалци јавно го повикаа албанското население да се крене на востание, во име на своите права. Од тетовскиот крај, конфликтот се прошири во скопскиот, и во кумановско-липковскиот регион, каде Албанците беа мнозинско население. Во споменативе региони имаше вооружени судири помеѓу регуларните полициско-воени сили и припадниците на ОНА, кои на почетокот беа нарекувани терористи, за подоцна да станат „борци за човекови права".

За време на конфликтот имаше: киднапирања на цивилното население; убиства од заседа на припадниците на полициските сили и на воениот резервен состав кај селата Вејце, Карпалак и Љуботен; палење и уништување на верски објекти; етничко чистење и уништување на домовите на македонското население на териториите каде Албанците беа во мнозинство.

Вооружениот конфликт започна во околината на селото Танушевци (Скопска Црна Гора), во февруари 2001 год. Вооружените дејства се одвиваа во кумановско-липковскиот, тетовскиот и скопскиот регион. Во текот на конфликтот ОНА ги напаѓаше полициските и безбедносните сили на Република Македонија (со директни напади на полициски станици, напади на конвои и помали безбедносни структури, и поединечни акции на минирање патишта и заседи), мобилизираше дел од албанското население за учество во борбените активности и преземаше активности насочени против цивилното население (киднапирање, лишување од слобода, затворање на витални објекти - кумановскиот водовод итн.). Безбедносните сили ги напаѓаа позициите на ОНА, со тешко оружје ги гранатираа селата во споменатите региони, подготвуваа заседи на припадници на ОНА, лишуваа од слобода осомничени за учество и соработка со ОНА, преземаа активности против цивилното население (киднапирање, лишување од слобода, протерување од местото на живеење итн.). Во кризните региони и околу нив, беа воведени полициски пунктови.

Голем број лица ги напуштија своите живеалишта во кризните региони и се сместуваа како бегалци во други држави или како внатрешно раселени лица во други региони на земјата.

На двете страни имаше човечки жртви (меѓу кои и цивилно население), а во регионите опфатени со конфликтот направена е материјална штета врз домовите и имотите на населението од овие краишта и уништени се објекти од верско и културно-историско значење.

Конфликтот започна во селото Танушевци, Скопско, некаде кон средината на февруари 2001 и набргу се прелеа во тетовските села, во делови од градот Тетово, во липковскиот регион - кумановско, и во некои села од скопскиот регион (Арачиново, Радуша и Љуботен).

Албанското население им даваше целосна морална и материјална помош и поддршка на борците на ОНА, додека македонското население целосно ги поддржуваше АРМ и полицијата. Сепак, немаше директни судири меѓу цивилното население што придонесе граѓанската војна во Македонија да биде избегната.

Во текот на конфликтот армијата и полицијата гранатираа многу албански села. Како резултат на овие воено-полициски акции, загинаа многу цивили Албанци, како на пр. цели семејства во с. Слупчане и во липковскиот крај. Масакрите на полицијата и на армијата продолжија во с. Љуботен, во скопската населба Чаир и на многу други места. Особено шокантен и потресен момент за Албанците беше монтираното убиство на таткото и синот пред телевизиските камери до градскиот стадион во Тетово.

## РЕФЛЕКСИИ ВРЗ ДРУГИТЕ РЕГИОНИ ВО ЗЕМЈАТА

Иако со конфликтот беа зафатени само северниот и северозападниот дел од Р. Македонија, тој се рефлектираше на целата територија. Раселените лица од кризните региони беа сместувани кај своите роднини и пријатели и во колективните центри организирани од државата. Под влијание на настаните во кризните региони, дел од македонското население го изрази својот револт преку палење и уништување на верските објекти и приватниот имот на муслиманите во Прилеп и Битола.

Ситуацијата стана критична поради опасноста од проширување на конфликтот на целата територија на државата, а особено во дебарско, кичевско, струшко и гостиварско, каде живеат голем број Албанци.

Дел од македонското население беше мобилизирано во редовите на резервниот армиски и полициски состав. Голем број Македонци доброволно се пријавуваа за одбрана на татковината.

Во овој период државата со закон воведе воен данок што дополнително ја влоши економската состојба на населението.

